ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2022 ГОДИНА НА ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА ОЧНИ БОЛЕСТИ СМЕТКА ЗА СРЕДСТВА ОД ФОНДОТ (737)

01 2023 06 02/1

**Скопје, февруари 2024 година**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести на сметката за средства од Фондот (737) за 2022 година.

Изразивме мислење без резерва во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и мислење со резерва за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2022 година.

Не е вршена ревизија, ниту е издаден било каков извештај за финансиските извештаи на Клиниката за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Клиниката за 2022 година утврдено е следното:

- во дел од спроведените постапки за јавни набавки постои несоодветна примена на Законот за јавните набавки;
- за обезбедување непрекината 24-часовна здравствена дејност, Клиниката има воведено дежурства, но за истото не е обезбедена согласност од Министерството за здравство;
- постои несразмерен соодност помеѓу бројот на реализирани редовни и итни прегледи, што влијае на еднаквата достапност на здравствените услуги кои ги дава Клиниката.

Во делот на Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата известува за начинот на лекување на пациенти од определени офталмолошки заболувања со лекови кои не се на позитивната листа на лекови за кои се обезбедува условен надоместок од Фондот.

Во делот на Останати прашања ревизијата известува за Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење и Централниот систем за регистрација на работното време при Министерството, кои не се воспоставени во целост.

Во делот на Недостатоци во внатрешните контроли ревизијата известува за слабости во процесот на прием, издавање и потрошувачка на залихи на материјали.
За надминување на утврдените состојби дадени се препораки до одговорните лица.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 25 –53 /1 од 12.01.2023 година.

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Вовед | 1 |
| 2. | Мислење на ревизијата | 2 |
| 3. | Основ за изразување на мислење | 2 |
| 3.1. | Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи | 3 |
| 4. | Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет | 5 |
| 5. | Останати прашања | 6 |
| 6. | Законска основа за ревизијата и временски период | 7 |
| 7. | Опфат и ограничувања | 7 |
| 8. | Одговорност за финансиски извештаи | 7 |
| 9. | Одговорност на ревизорите | 8 |
| 10. | Недостатоци во внатрешната контрола | 9 |
| **11.** | **Одговор на ревидираниот субјект** | 10 |
| Финансиски извештаи за 2022 година | | 11 |
| Биланс на приходи и расходи | | 11 |
| Биланс на состојба | | 12 |
| Преглед на промена на извори на капиталните средства | | 13 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | | |
| Вовед | | 14 |
| Сметководствени политики | | 17 |
| Образложенија кон финансиските извештаи | | 18 |

**Список на кратенки**

| | |
|---|---|
| ЈЗУ | Јавна здравствена установа |
| ЈУ за заеднички работи | Јавна установа за потребите на Јавните здравствени установи, Универзитетските клиники и Ургентен центар |
| Клиниката | Јавна здравствена установа универзитетска клиника за очни болести |
| Министерство | Министерство за здравство |
| Мој термин | Интегриран здравствен информатички систем |
| Фонд | Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија |

**Број:25-53/6**
**Дата: 27.02.2024 година**

## 1. Вовед

Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести со седиште на бул. Мајка Тереза бр. 17 Скопје е основана и организирана согласно одредбите на Законот за установи и Законот за здравствената заштита.

Клиниката е јавна здравствена установа со права, обврски и одговорности утврдени со закон, колективен договор, статут и други општи акти. Основач на Клиниката е Владата на Република Северна Македонија.

Клиниката ја врши здравствената дејност во мрежата на здравствени установи, согласно со стручни упатства за медицина заснована на докази и протоколи утврдени од министерот за здравство и согласно Законот за здравствената заштита.

Клиниката во рамки на дејноста што ја врши во мрежата, укажува здравствени услуги на осигурени лица согласно Законот за здравственото осигурување под услови и начин утврдени со прописи од здравствената заштита и здравственото осигурување. Клиниката дава здравствени услуги и на пациенти кои истите ги плаќаат со лични средства.

## 2. Мислење на ревизијата

Извршивме ревизија на:

- финансиските извештаи на страна од 11 до 13 на Јавната здравствена установа универзитетска клиника за очни болести, на сметката за средства од Фондот (737), за 2022 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Промени на извори на капиталните средства, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.
- усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа универзитетска клиника за очни болести за 2022 година на сметката за средства од Фондот (737) со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавна здравствена установа универзитетска клиника за очни болести на ден 31 декември 2022 година, на сметката за средства на Фондот (737) како и резултатите од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точката 3.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа универзитетска клиника за очни болести за 2022 година, на сметката, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 3. Основ за изразување на мислење

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија. Одговорностите согласно ISSAI стандардите се опишани во делот на Одговорност на ревизорите за ревизијата на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме обезбедено се доволни и соодветни за да обезбедат основ за нашето ревизорско мислење.

## 3.1. Основ за квалификувано мислење за усогласеност со закони и прописи

### Јавни набавки

3.1.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2021 и 2022 година, а по кои во годината предмет на ревизија преземени се обврски во вкупен износ од 100.804 илјади денари, извршивме ревизија на вкупно 11 постапки за јавни набавки кои имаат реализација во 2022 година, од кои 4 се спроведени во 2022 година и 7 во 2021 година. При тоа опфативме 75 % од вкупно преземените обврски кои подлежат на Законот за јавни набавки при што утврдивме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на истиот:

- во постапка за набавка на услуги за тековно одржување - градежно занаетчиски работи и адаптација на Клиниката согласно која преземени се обврски во износ од 3.642 илјади денари, предметот на набавка не е прецизно дефиниран, односно не е направена предмер пресметка и не се специфицирани конкретни работи/позиции, како и обем на количини на работите кои ќе се изведуваат, односно не е изготвен проект со кој ќе се определат точните работи и количини што Клиниката планира да ги изведе на своите објекти, во моментот на спроведување на постапката. Исто така, со техничката спецификација предвидени се повеќе групи/видови на работи во рамки на кои се предвидени позиции за кои се бараат единечни цени, а предмет на евалуација/негативно наддавање е вкупната вредност на понудата, при тоа за одредени позиции кои имаат значајно влијание во вкупната цена не се јавила потреба за нивно изведување. Воспоставениот начин на набавка на градежно занаетчиски работи овозможува субјективно определување на работи кои ќе се извршат, намалување на квалитетот на работите и формирање на цени што понатаму влијае на економичното користење на средствата и не е во согласност со член 4 од Законот за јавните набавки;
- во текот на 2022 година набавени се лекови во износ 619 илјади денари во период кога постапката за јавна набавка сѐ уште не била спроведена. Набавката на лековите е вршена на реверс, а фактурите се изготвени и доставени до Клиниката по склучувањето на договорите за јавна набавка. Почитувајќи ја потребата од континуирано и навремено обезбедување на лекови, утврдивме дека воспоставениот начин на набавка влијае на рационално користење на средствата во постапките за јавни набавки и почитување на начелата на законот уредени со член 3 од Законот за јавните набавки.

Воспоставениот начин на постапување при спроведувањето на дел од постапките за јавна набавка упатува на несоодветна примена на одредбите од Законот за јавните набавки и создава ризик за нерационално користење на буџетски средства.

**Препорака**

Одговорните лица на Клиниката кои се вклучени во процесот на спроведување и реализација на јавните набавки во делот на своите надлежности да ги преземат следниве активности:

- при набавка на градежно занаетчиски работи, потребно е услугите за тековно одржување да се одделат од градежните работи со цел предметот на набавката да биде дефиниран врз основа на предмер пресметка/проект каде ќе бидат дефинирани конкретни работи/позиции кои договорниот орган планира да ги изведе и
- набавката на лекови и медицински потрошен материјал да се врши исклучиво по спроведена постапка за јавна набавка.

3.1.2. Согласно член 39-а од Законот за здравствена заштита, одговорното лице на Болницата во рамки на системот Мој термин е должно да определи календар на активности на месечно ниво за секој здравствен работник кој дава специјалистичко – консултативни услуги кој особено содржи податоци за вршење на прегледи во амбуланта и давање на услуги со користење на медицинска опрема. Времетраењето на смена во амбуланта како и времетраењето на поединечен преглед се определени со Правилник[1] со кој се воспоставува и обврска календарот на активности да биде дефиниран и јавно достапен во системот Мој Термин. За специјалноста офталмологија времетраењето на смена во амбуланта изнесува 6 часа, а времетраењето на преглед 20 минути. Согласно Статутот и актите за внатрешна организација на Клиниката формирани се 6 оддели и во системот Мој термин отворени се 6 амбуланти.

Извршивме увид во податоците кои се генерираат во Мој Термин, за реализираните прегледи во амбулантите на Клиниката и истите се прикажани на Графикон бр.1

Графикон бр.1




[1] Правилник за времетраење на прегледите во специјалистичко – консултативните амбуланти и на давањето на специјалистичко – консултативни услуги со користење на медицинска опрема во здравствените установи во мрежата на секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита ( Службен весник на РМ бр. 9/2018)

Податоците во графиконот покажуваат дека поголем број од прегледите предвидени со Правилникот се реализирани преку итни упати чиј број е двојно поголем во однос на упатите кои се реализирани преку редовно закажани термини во системот Мој Термин. Наведеното укажува на тоа дека, календарот на активности за амбулантски прегледи не се ажурира навремено и не се определуваат предвидените редовни термини со горенаведениот Правилник, што влијае на остварување на начелата на достапноста на здравствените услуги и еднаквиот третман на корисниците и член 6 од Законот за здравствената заштита.

**Препорака**

Одговорното лице на Клиниката да преземе активности за организација на медицинската дејност во насока на овозможување на соодветен број редовни термини за вршење на здравствени услуги во системот Мој термин.

3.1.3. Исплатени се 4.961 илјади денари по основ на дежурства, без да биде побарана согласност од Министерството за воведување на истите во поголемиот дел од годината, односно Согласноста е обезбедена на 20.03.2023 година што не е во согласност со член 211 став 6 и 216 од Законот за здравствена заштита каде е уредено дека здравствената установа може да воведе дежурство за обезбедување непрекината 24-часовна здравствена дејност, само доколку со организирањето на работата во смени не е во можност да го обезбеди истото, за што е должна да обезбеди согласност од Министерството. Ваквиот начин на постапување влијае на транспарентноста во работењето на Клиниката.

**Препорака**

Одговорните лица на Клиниката да преземат активности за навремено обезбедување на согласност од Министерството за воведување на дежурства во работењето.

## 4. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

4.1. За лекување на определени офталмолошки заболувања на пазарот станале достапни нови генерации на лекови кои до денот на ревизијата не се воведени во позитивната листа на лекови, поради што Клиниката ја користи законската можност во рамки на годишниот договорен надоместок да вклучи и условен надоместок во износ од 15.002 илјади денари за набавка на овие лекови.

Од извршените разговори со одговорните лица и увидот во приложената

документација утврдивме дека на Клиниката донесен е протокол за третман со оваа терапија согласно кој докторите одлучуваат дали постојат офталмолошки индикации за приклучување на терапијата, но не постои евиденција на вкупен број на пациенти кои ги исполнуваат условите, поради што, во услови на ограничен буџет, постои ризик сите пациенти кои ги исполнуваат условите да не бидат вклучени на терапија.

Истакнуваме дека е потребно Клиниката во соработка со Фондот да преземат активности за обезбедување на средства со цел вклучување на оваа терапија на сите пациенти за кои постојат докази дека ги исполнуваат медицинските критериуми, потврдено од лекарски конзилиум и стручен колегиум.

## 5. Останати прашања

5.1. Согласно член 92-г од Законот за здравствената заштита, министерот за здравство е должен да воспостави Национален систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ, кој треба да овозможи побрзо, полесно и правилно донесување на одлуки во управувањето со финансиите и останатите работни процеси во ЈЗУ, следење на критичните точки на потрошувачка, контрола и намалување на поединечните и вкупните трошоци во ЈЗУ. Согласно одредбите од овој Закон, ЈЗУ се задолжени да воведат редовна евиденција на потрошокот на медицински материјал класифициран по пациент, по упат и по здравствен работник, односно здравствен соработник и задолжителна евиденција на залихите на медицинските материјали во главното депо и во сите помошни депоа на лекови. Националниот систем треба да биде составен дел од интегрираниот здравствен информатички систем, а за непречено функционирање на системот, ЈЗУ се задолжени да обезбедат софтверска апликација која ќе овозможува непрекината двонасочна комуникација и размена на податоци.

Со анализа на преземените активностите поврзани со оваа законска обврска, утврдивме дека и покрај тоа што законската обврска за востановување на Националниот систем е воведена во 2015 година, активностите на Министерството сѐ уште се наоѓаат во почетна фаза и според добиената Информација, Националниот систем од јануари 2018 година не е во функција поради необезбеден договор за негово одржување.

Поради наведеното, не е обезбедено следење на критичните точки на потрошувачка, контрола и намалување на поединечните и вкупните трошоци во ЈЗУ.

Исто така, за имплементирање на одредбите од член 92-д од Законот за здравствената заштита Министерство има склучено договор за јавна набавка на Централен систем за регистрација на работно време за потребите на ЈЗУ. По спроведената групна набавка од страна на Министерството во име и за сметка на ЈЗУ во текот на 2017 година испорачани се и монтирани уреди за евиденција на работното време, но се уште не е отпочната примената на истиот.

Ревизијата е на мислење дека е потребно, Министерството да преземе активности за преиспитување на овие законски решенија и можностите за имплементација и функционалност на Националниот систем за материјално-финансиско и сметководствено работење во ЈЗУ и Централниот систем за евиденција на работното време.

## 6. Законска основа за ревизијата и временски период

Ревизијата на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година, согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

Ревизијата е спроведена во периодот од 16.10 до 28.12.2023 година, кај Јавна здравствена установа универзитетска клиника за очни болести, сметка за средства од Фондот (787) од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

Не е вршена ревизија, ниту е издаден било каков извештај за финансиските извештаи на Клиниката за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

## 7. Опфат и ограничувања

Нема ограничување во опфатот на ревизијата.

## 8. Одговорност за финансиски извештаи

Финансиските извештаи се одговорност на раководството на субјектот Јавна здравствена установа универзитетска клиника за очни болести, застапувано од:

- Д-р Христиан Дума, медицински директор од 14.10.2019 година до 10.03.2023 година
- Златко Трпкоски, вршител на должноста организациски директор од 16.01.2020 година

Оваа одговорност вклучува изготвување, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите. Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 9. Одговорност на ревизорите

Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

Разумно уверување е високо ниво на увереност, но тоа не е гаранција дека при извршената ревизија согласно со ISSAI стандардите секогаш ќе бидат откриени сите материјално погрешни прикажувања кога таквите постојат, како и сите грешки и неусогласености со закони и прописи. Погрешните прикажувања може да се резултат на измама или грешка и се сметаат за материјално значајни, ако поединечно или во вкупен износ, можат да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи на Клиниката врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на одговорното лице на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Комуницираме со оние кои се одговорни за управувањето во врска со планираниот опфат и временски распоред на ревизијата и значајните наоди во ревизијата, вклучувајќи ги и сите значајни недостатоци во внатрешната контрола што сме ги утврдиле во текот на ревизијата.

Исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се одговорни за управувањето дека сме ги почитувале релевантните етички барања во однос на независноста и дека ќе комуницираме со нив за сите релации и други прашања за кои разумно може да се смета дека се поврзани со нашата независност и, каде што е применливо, за соодветни заштитни мерки.

## 10. Недостатоци во внатрешната контрола

10.1. Со извршената ревизија на сметководствената и материјалната евиденција на прием, складирање и издавање на залихи на материјали, како и воспоставените контроли и нивното функционирање во овој процес утврдивме дека Клиниката нема донесено пишана процедура за процесот на прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихата на лекови и медицински потрошен материјал во рамките на депо за лекови и секоја организациона единица одделно. Имено, работењето во оваа област се одвива согласно претходно воспоставена пракса, а месечните извештаи од организационите единици врз основа на кои се евидентира потрошокот на залихите не се соодветно архивирани, потпишани и одобрени од страна на одговорните лица на организационите единици. Исто така, требувањата кои организационите единици ги доставуваат до депото за лекови не се соодветно потпишани и одобрени од страна на раководното лице на организационата единица.

Горенаведените состојби укажуваат на нецелосно воспоставени контроли во процесот на прием, издавање и потрошувачка на залихи на материјали на Клиниката и не се во согласност со одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

**Препорака**

Одговорните лица на Клиниката да преземат активности за носење на процедура за начинот на прием, складирање и издавање на залихите, а документите за требување на истите и евидентирање на потрошокот да бидат соодветно потпишани и одобрени од страна на одговорните лица.

## 11. Одговор на ревидираниот субјект

Прашањата кои ги покрива овој нацрт извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот Јавна здравствена установа универзитетска клиника за очни болести одржан на ден 22.12.2023 година, за кои дадоа свои коментари и објаснување.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 25 –53 /1 од 12.01.2023 година.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2022 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 161.150 | 152.955 |
| **Вкупно приходи** | | **161.150** | **152.955** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 63.641 | 64.135 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 79.064 | 68.792 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 309 | 111 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **143.014** | **133.038** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 18.136 | 19.626 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **18.136** | **19.626** |
| **Вкупно расходи** | | **161.150** | **152.664** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образл о-жение | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Финансиски и пресметковни односи | | 0 | 3.364 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 10.831 | 5.978 |
| Залихи | 4.1.2. | 22.152 | 56.627 |
| **Вкупно тековни средства** | | **32.983** | **65.969** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 93.582 | 76.448 |
| **Вкупно постојани средства** | | **93.582** | **76.448** |
| **Вкупна актива** | | **126.565** | **142.417** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 5.039 | 481 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 479 | 298 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.3. | 53 | 108 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | | 0 | 7 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 5.261 | 5.085 |
| Пасивни временски разграничувања | | 0 | 3.364 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **10.832** | **9.343** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 115.733 | 133.074 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **115.733** | **133.074** |
| **Вкупна пасива** | | **126.565** | **142.417** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2022 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2022 година** | **76.448** | **56.626** | **133.074** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **84.702** | **89.586** | **174.288** |
| Набавки | 25.723 | 89.586 | **115.309** |
| Ревалоризација на капитални средства | 58.979 | | **58.979** |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **67.568** | **124.061** | **191.629** |
| Отпис на капитални средства | - | 124.061 | **124.061** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | 47.397 | | **47.397** |
| Амортизација | 20.171 | | **20.171** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2022 година** | **93.582** | **22.151** | **115.733** |